Влада на Република Северна Македонија
Бр.4401-17/51

# З А П И С Н И К
од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

# З А П И С Н И К
# од Педесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 мај 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:50 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и д-р Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија, м-р Александар Петровски, директор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ – Скопје, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион

1. Записник од Четириесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 мај 2020 година

2. Записник од Четириесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 мај 2020 година

3. Записник од Четириесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 мај 2020 година со План за намалување на рестриктивните мерки и Збирен преглед на уредби со законска сила

4. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип за 2020 година, со Предлог - одлука

5. Предлог - програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година

6. Ревидиран бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година, со Предлог - одлука за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и Финансиската програма за 2020 година

7. Информација за измена на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2020 година

8. Ургенција за добивање на согласност за одобрување на пренамена на средства за продолжување на договори за привремено отстапени работници

9. Информација за почетокот на Проектот-кредитот на Светска банка за воведување на нов едношалтерски систем и формирање на управувачки комитет и работна група за успешна реализација на проектот

10. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врше дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад (Основен суд Кавадарци)

11. Информација со тарифници на основачот на технолошките индустриски развојни зони на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на технолошките индустриски развојни зони, со предлог – одлуки

12. Информација за користење на неповратни средства за техничка помош преку Кредитната банка за обнова КфВ, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија, за подготовка на Проектот - Парк на ветерни електрани „Миравци“

13. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.4)

14. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за консолидација на земјоделско земјиште за време на вонредна состојба

15. Предлог - уредба со законска сила за измена и дополнување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта

16. Информација за потребата од склучување на Амандман бр.3 на Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Северна Македонија е просперитетно, самоодрживо и инклузивно демократско општество“

17. Информација за потребата од итно ангажирање на експерти во Единицата за имплементација на проекти од Светска банка во Министерството за транспорт и врски за реализација на Проектот за поврзување на локални патишта и Проектот за унапредување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансирани со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка

18. Информација во врска со барањето на ТАВ Македонија за одложување на обврските предвидени со Договорот за концесија како резултат на Одлуката на Владата за затворање на аеродромот „Св.Апостол Павле“ – Охрид и Меѓународниот Аеродром Скопје

19. Информација за плановите за учество на Република Северна Македонија во борбената група на ЕУ, ЕУБГ 2023/1 - HELBROC

20. Информација за ангажирање на правен застапник за запишување на дипломатски имот во сопственост на Република Северна Македонија во Катастарот на Атина

21. Информација за користењето на веб-апликацијата Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари - трет и четврт извештаен период 2019 година

22. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење за време на вонредна состојба

23. Предлог - уредба со законска сила за примена на Закон за вработување и работа на странци за време на вонредна состојба

24. Информација за покачување на платите на вработените на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

25. Информација заради давање на согласност за потпишување на анексите за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија заради зголемување на коефициентите за плата на здравствените работници, здравствените соработници, помошно техничкиот персонал и административните службеници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи-универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје.

26. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Лајтинг лукс ДООЕЛ Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука

27. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Еко енерџи-космос ДОО с.Зубово Ново Село за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука

28. Решение У.бр.44/2020 и У.бр.50/2020 од 28.04.2020 година за поведување на постапка постапка за оценување на уставноста и законитоста на: Уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-2867/1 од 9 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 97/2020) и Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна

Македонија, број 44-3091/1 од 13 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” број 100/2020).

29. Решение У.бр.49/2020 од 28.4.2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на: Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-2865/1 од 7 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 94/2020); Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-2865/2 од 9 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 97/2020); Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-3182/1 од 16 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.103/2020) и Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-3198/1 од 24 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 108/2020).

30. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 20301 за КО Штип-5

31. Кадровски прашања

32. Прашања и предлози

33. Извештај за материјално финансиско работење на ЈП "Студенчица" Кичево за првиот квартал на 2020 година

34. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје за период 1 октомври 2019 до 31 декември 2019 година

35. Информација за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 30.7.2018 година

36. Информација за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 29.10.2018 година

37. Информацијa за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 28.1.2019 година

38. Информацијa за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 29.04.2019 година

39. Информацијa за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 28.10.2019 година

40. Информацијa за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 29.07.2019 година

41. Годишен извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2019 година

42. Информација за Годишна сметка за 2019 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните – Скопје

43. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредна состојба

44. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба

45. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за личната карта за време на вонредна состојба

46. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба

47. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини

48. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорните услови на кредитните изложености на банките и штедилниците

49. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредната состојба

50. Предлог - уредба со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија

51. Предлог - програма за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19

52. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта

53. Информација за текот на активностите на градбата на Клиничка болница Штип и утврдување состојба на постоење на виша сила „Force Majeure"

54. Информација за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог - одлука

55. Информација со предлог за донесување одлука за продажба на движни ствари- три машини и недвижнини ствари (имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар" Куманово), а кои претставуваат нераздвојна или технички-технолошка целина, во сосопственост на државата и трети лица

56. Информација за започнување на програмирањето на Инструментот за претпристапна помош ИПА III за периодот 2021-2027

57. Информација за можноста за користење на Фондот за солидарност на Европската Унија за справување со финансиското влијание на Ковид-19

58. Информација за спроведување на постапка за набавка на моторни возила и мебел за потребите на Командата на СЕЕБРИГ

59. Информација за спроведување на постапка за набавка на канцелариски мебел и опрема за потребите на пристапната точка со НАТО

*

* *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Информација за степенот на реализација на препораките и преземените активности за зачувување на статусот УНЕСКО - Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот регион**

- Предлог за изменување на Решението за именување на претседател, заменик на претседателот и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион бр.24-114219 од 23.1.2018 година

Владата го разгледа Предлогот за изменување на Решението за именување на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион со бр.24-114219 од 23.1.2018 година и донесе Решение за изменување на Решението за именување на претседател, заменик претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, со кое, на негово барање се разрешува Димитри Голабоски а на негово место се именува Емилија Митева.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го разгледа и усвои Записникот од Четириесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 9 мај 2020 година.

<u>**Точка 2**</u>

Владата го разгледа и усвои Записникот од Четириесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 мај 2020 година.

<u>**Точка 3**</u>

Владата ги разгледа Записникот од Четириесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 мај 2020 година, со План за намалување на рестриктивните мерки и Збирен преглед на уредби со законска сила и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четириесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 мај 2020 година.

2. Го прифати Планот за намалување на рестриктивните мерки.

Истовремено, Владата имајќи ги предвид протоколите на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и со задолжително придржување кон истите заклучи:

1. Јавната здравствена установа Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје да започне со извршување на тековните работни активности.

2. Сите министерства и другите институции од делокругот на својата надлежност да ги имплементираат мерките од Планот за намалување на рестриктивните мерки и протоколите од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и доколку е потребно да направат соодветно изменување и дополнување на уредбите со законска сила од својот ресор.

3. Да се отпочне со работа и работни активности во центрите за едукација, обуки и семинари за возрасни, организации на седници на органи на управување и конференции и академии за едукативни активности.

4. Да се отпочне со работа, одржување на настава и спроведување на обуките и испитите во испитните центри од страна на школите за обука на возачи.

5. Да се отпочне со спортски тренинзи на отворено, исклучиво за поединечни спортови и тенис.

6. Да отпочнат со работа спортските обложувалници и другите уплатно-исплатни места на приредувачите на игри на среќа во обложувалниците со работа и давање на услуги преку пункт/шалтер.

7. Да оточнат со работа затворените трговски центри - молови, но без вршење на угостителска дејност.

8. Се дозволува да се организираат и реализираат службени патувања на избрани и именувани лица, во странски држави, со задолжително придржување на препораките и протоколите од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за одржување на потребното растојание и носење на лична заштитна опрема, а заради координација и други работни активности поврзани со мерки за COVID-19 како и поради други итни причини кои не трпат одлагање, без спроведување на овие лица во државен карантин по нивното враќање во Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 4**

Владата по Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица – Пробиштип за 2020 година, со Предлог-одлука, со дополнувањата, ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности хидросистем Злетовица – Пробиштип за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Ревидираниот бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и Финансиската програма за 2020 година и дополнувања, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2020-2022 година и Финансиска програма за 2020 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2020 година, со текст на Финансиски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува управителот на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје и Град Скопје да потпишат Анекс бр.8 кон Договорот, со кој ќе се измени динамиката на плаќањето на долгот кој што Република Северна Македонија преку Друштвото Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје го има кон Град Скопје, без да се менува висината на утврдените рати на долгот.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди 60.000.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година по основ „зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на

повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје“ со цел да се исплати втората рата кон Град Скопје.

**Точка 8**

Владата ја симна од Дневниот ред Ургенцијата за добивање на согласност за одобрување на пренамена на средства за продолжување на договори за привремено отстапени работници.

**Точка 9**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за почетокот на Проектот-кредитот на Светска банка за воведување на нов едношалтерски систем и формирање на управувачки комитет и работна група за успешна реализација на проектот (нов текст), со следните заклучоци:

1. Се назначува Царинската управа за носител и координатор на активностите поврзани со проектот за Развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW).

2. Се задолжува Царинската управа, во рок од 15 дена, да изготви Акциски план на активности за реализација на Проектот и истиот да го достави до Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата со тарифници на основачот на технолошките индустриски развојни зони на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на технолошките индустриски развојни зони, со предлог – одлуки, со дополнувањето, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 1“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 1“ (нов текст),

2. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2“ (нов текст),

3. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Штип“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Штип“ (нов текст),

4. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струга“ на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струга“ (нов текст),

5. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Струмица” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Струмица” (нов текст),

6. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Берово” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Берово” (нов текст),

7. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Виница” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Виница” (нов текст),

8. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Делчево” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Делчево” (најнов текст),

9. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Кичево” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Кичево” (најнов текст),

10. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Радовиш” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Радовиш” (нов текст),

11. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Прилеп” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Прилеп” (нов текст) и

12. Одлуката за давање согласност на Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Гевгелија” на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Гевгелија” (нов текст), во предложените текстови.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за користење на неповратни средства за техничка помош преку Кредитната банка за обнова КфВ, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија, за подготовка на Проектот Парк на ветерни електрани „Миравци“, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“,во државна сопственост, Скопје да се обрати до КфВ Банката со барање за доделување на грант средства/техничка помош, во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија, за подготовка на потребната документација за проектот Парк на ветерни електрани „Миравци“, со напомена дека зависно од резултатите и препораките од изработените документи, Владата ќе одлучи дали,

кога и од кои извори на средства ќе се финансира имплементацијата на овој проект.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19, со Прилог кон Информација Список бр.4, ја усвои Информацијата и ја задолжи Развојната банка на Северна Македонија да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во новиот текст на Список бр.4 - прилог кон Информацијата.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за примена на Законот за консолидација на земјоделско земјиште за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договор за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.3 на Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество",со усогласен текст на Амандман бр. 3 на Договорот и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Амандманот бр.3 на Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество".

2. Се овластува д-р Нина Ангеловска, министер за финанси да го потпише Амандманот бр.3 на Договорот за грант меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Северна Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество".

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно ангажирање на експерти во Единицата за имплементација на проекти од Светска банка во Министерството за транспорт и врски, за реализација на Проектот за поврзување на локални патишта и Проектот за унапредување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансирани со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски веднаш да започне со спроведување на постапка за итно ангажирање на експерти во Единицата за имплементација на проекти од Светска банка следејќи ги правилата за набавки на Светска банка со цел навремена реализација на активностите за Проектот за поврзување на локални патишта и Проектот за унапредување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансирани со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски навремено да ја информира Владата на Република Северна Македонија за текот на реализација на активностите за Проектот за поврзување на локални патишта и Проектот за унапредување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансирани со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

## Точка 18

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со барањето на ТАВ Македонија за одложување на обврските предвидени со Договорот за концесија како резултат на Одлуката на Владата за затворање на аеродромот „Св.Апостол Павле“ – Охрид и Меѓународниот Аеродром Скопје, со следните заклучоци:

1. Владата земајќи ја предвид вонредната состојба поради заразата од COVID-19 и реалните последиците кој ги трпи операторот на аеродормот, одлучи да се одобрат следните одложувања:

- Одложување на Обврската од член 8.4.6 (б) од Договорот за концесија - за депонирање на средства на Резервната сметка за подобрувања, за вториот квартал, а целиот достасан депозит да биде уплатен на првиот нареден датумот кој следува за исполнување на оваа обврска.

- Одложување на Обврската од член 8.1.11 б) од Договорот за концесија - за вториот квартал, а целиот достасан депозит да биде уплатен на првиот нареден датумот кој следува за исполнување на оваа обврска.

- Одложување на Обврската која произлегува од член 4.1 од Договорот за концесија за плаќање на концесиски надомест за вториот квартал, а целиот достасан депозит да биде уплатен на првиот нареден датумот кој следува за исполнување на оваа обврска.

- Одложување на сите активности поврзани со изградба на нов карго аеродром во Штип до завршување на прогласената вонредна состојба.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски за донесените заклучоци да го информира ТАВ Македонија.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за плановите за учество на Република Северна Македонија во борбената група на ЕУ, ЕУБГ 2023/1 – HELBROC (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да започне планирачки процес за учество во ЕУБГ 2023/1 – HELBROC и да ги извести надлежните институции на Република Грција за намерите за учество, најдоцна до 31.12.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ги утврди капацитетите со кои Република Северна Македонија ќе учествува во ЕУБГ 2023/1 – HELBROC, најдоцна до 31.12.2021 година.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки во однос на плановите за учество на Република Северна Македонија во ЕУБГ 2023/1 – HELBROC најдоцна до 15.12.2020 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за ангажирање на правен застапник за запишување на дипломатски имот во сопственост на Република Северна Македонија во Катастарот на Атина, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Атина да склучи договор за ангажирање на правниот застапник Агамемнон Тацис од Атина, за застапување и преземање на сите потребни дејствија во постапката за катастарско запишување на сукцесискиот имот во сопственост на Република Северна Македонија пред надлежните органи во Атина.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, по потпишување на договорот од заклучокот број 1, да издаде соодветно полномошно на правниот застапник Агамемнон Тацис од Атина и неговите вработени Кацикојани Евангелија и Ксидакис Апостолос, за застапување на Република Северна Македонија во постапката за катастарско запишување на имотот во Атина во сопственост на Република Северна Македонија, добиен од сукцесија на СФРЈ, со што ќе го задолжи правниот застапник за преземање на сите потребни правни дејствија за процесуирање на наведениот предмет.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи од редовните буџетски средства да ги покрие трошоците за ангажирањето на правниот застапник и да ги преземе потребните активности преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Атина за завршување на постапката за катастарско запишување на имотот во сопственост на Република Северна Македонија.

4.Се задолжува Министерството за надворешни работи најдоцна до 30 септември 2020 година повратно да ја информира Владата за исходот од постапката за запишување на имотот во сопственост на Република Северна Македонија во Атина.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за користењето на веб-апликацијата систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари - трет и четврт извештаен период 2019 година и го усвои, со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, најдоцна до 15 јуни 2020 година, во веб-апликацијата „Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари“, преку определените лица за корисници, да ги внесат односно ажурираат внесените податоци за сите кривични пријави односно извештаи за случаи на корупција и перење пари доставени до основните јавни обвинителства во периодот јануари 2019 година – мај 2020 година, согласно Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за финансии – Управа за јавни приходи и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, да извршат проверка на обезбедените услови за користење на веб-апликацијата „Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари“ за лицата кои ги определиле за корисници, да ги обезбедат условите за користење на веб-апликацијата каде што недостигаат (функционален компјутер со интернет конекција) и за заклучоците од направената проверка односно за обезбедените услови да го информираат Министерството за правда, најдоцна до 15 јуни 2020 година.

**Точка 22**

Владата ја донесе  Уредбата со законска сила за примена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен

граѓански универзитет за доживотно учење за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработување и работа на странци за време на вонредна состојба (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за покачување на платите на вработените на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поради потребата Министерството за здравство да ја преработи истата и да ја усогласи согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата заради давање на согласност за потпишување на анексите за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија заради зголемување на коефициентите за плата на здравствените работници, здравствените соработници, помошно-техничкиот персонал и административните службеници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи-универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со Анекс на Колективен договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти в.д. директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје да го потпише Анексот за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија од јануари 2020 година со кој ќе се зголемат коефициентите за плата на здравствените работници, здравствените соработници и помошно-техничкиот персонал на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, почнувајќи со исплатата за плата за февруари 2020 година.

2. Го овласти в.д. директорот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје да го потпише Анексот за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија од февруари 2020 година со кој ќе се зголемат коефициентите за плата на административните службеници вработени во Јавната установа од областа на здравството за потребите

на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, почнувајќи со исплатата за плата за јуни 2020 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Лајтинг лукс ДООЕЛ Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Лајтинг лукс ДООЕЛ Струмица, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Еко енерџи-космос ДОО с.Зубово Ново Село за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Еко енерџи-космос ДОО с. Зубово Ново Село (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го симна од Дневниот ред Решението У.бр. 44/2020 и У.бр. 50/2020 од 28 април 2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на: Уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-2867/1 од 9 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 97/2020) и Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, број 44-3091/1 од 13 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100/2020).

**Точка 29**

Владата го симна од Дневен ред Решението У.бр.49/2020 од 28.04.2020 година за поведување на постапка за оценување на уставноста на: Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-2865/1 од 7 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.94/2020); Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на

вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-2865/2 од 9 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.97/2020); Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-3182/1 од 16 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.103/2020) и Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, донесена од Владата на Република Северна Македонија, бр.44-3198/1 од 24 април 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” број 108/2020).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 20301 за КО Штип-5 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 31**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 32**

**1.** Владата го разгледа Барањето согласност за спроведување постапка за јавна набавка и заклучи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија да го има предвид Заклучокот од Четириесеттата седница на Владата, одржана на 13 април 2020 година (точка 13).

**2.** Владата ја одложи од разгледување Информацијата за незаконски решенија за наредната седница на Владата.

**3.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во врска со поднесени предлози за поведување на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност за наредната седница на Владата.

**4.** Владата го разгледа и го одобри Барањето за одобрување набавка на опрема за видео надзор, доставено од Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи под бр. 03- 220/1 од 6 мај 2020 година.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за период од 4.5.2020 до 10.5.2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата по повод Барањето насоки доставено од Управата за јавни приходи укажува дека Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година објавена во „Сужбен весник на Република Северна Македонија“, бр.111/2020 од 28.4.2020 година и Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година објавена во „Сужбен весник на Република Северна Македонија“, бр.113/2020 од 1.5.2020 година уредува дека за времетраење на финансиската поддршка и два месеци после нејзиното престанување (заклучно со месец јули 2020 година) работодавачот кој користи финансиска поддршка за исплата на плати не смее да го намалува бројот на вработени во однос на бројот на вработени што работодавачот го имал во месец април 2020 година и за кои поднел пресметка на плати преку МПИН образецот.

Бројот на вработени во МПИН пресметката го содржи вкупниот број на лица во месецот кај работодавачот, односно ако работодавачот го започнал месецот со 30 вработени, потоа одјавил 20 лица и пријавил 20 нови лица, тогаш пресметката ќе содржи податоци за 50 вработени, а работодавачот ќе го заврши месецот со 30 вработени.

Бројот на вработени за кој работодавачот би добил финансиска поддршка за месец април 2020 година е одреден од вкупниот број на вработени во месец април 2020 година кои се вклучени во МПИН образецот на работодавачот кој бара финансиска поддршка НАМАЛЕН за бројот на одјавените работници во овој месец.

Работниците кои се пријавени во месец април 2020 година и истите не се одјавени во истиот месец се квалификуваат за вклучување во вкупниот број на вработени за кои работодавачот би добил финансиска поддршка за исплата на плати за месец АПРИЛ 2020 година.

Пресметка за бројот на работници за кои работодавачот се квалификувал за финансиска подршка за месец АПРИЛ 2020 година:

30 работници (01.04.2020) минус 20 работници (04.2020) плус 20 работници (04.2020) = 30 - 20 + 20 = 30 работници (активни работни места за АПРИЛ 2020 година)
Работодавачот се квалификувал за финансиска подршка за месец АПРИЛ 2020 година за 30 работници и износ од 435.000 денари (30 Х 14.500).
Споредбата за бројот на вработените за месеците мај, јуни и јули 2020 година ќе се врши со овој број на работници: 30 (триесет).

При тоа во Уредбата бројот на вработени во месец април 2020 година не се уредува од аспект на бројот на вработени на почетокот на месецот, потоа бројот на одјавени работници во овој месец, како и бројот на работниците пријавени во месец април

2020 година како критериум за споредување од аспект за исполнувањето на условот за број на вработени во април 2020 година.

Бројот на вработени во месец април 2020 година пријавени во МПИН образецот за април 2020 година што го поднел работодавачот-корисник на финансиска поддршка е критериум за следење на исполнетоста на условите од Уредбата во однос на месеците мај, јуни и јули 2020 година.

Финансиска поддршка за месец април 2020 година му следува на секој работодавач кој ги исполнил условите од Уредбата, на време поднел уредно Барање и добил потврда од Управата за јавни приходи и навреме поднел уреден МПИН образец.

Новопријавените работници во месец АПРИЛ 2020 година (кои не се одјавени во истиот месец) влегуваат во вкупниот број на работници кои се квалификуваат за одобрување на финансиска поддршка. Исто така новопријавените работници во овој месец влегуваат во вкупниот број на вработени со кој ќе врши споредба со бројот на вработени во месеците мај, јуни и јули 2020 година.

Работниците кои се пријавни во месец април 2020 година се квалификуваат за вклучување во вкупниот број на вработени за кои работодавачот би добил финансиска поддршка за исплата на плати.

Од аспект на исклучоците од членот 6 став (2) на Уредбата, за кои работодавачот може да го намали бројот на вработени а кои се однесуваат на:
- пензионирање и смрт на работник;
- откажување на договорот за вработување од страна на работникот;
- откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски;
- спогодбено преземање на работник,
- ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА СУДСКА ПРЕСУДА (алинеја која недостасува во Барањето за Мислење) и
- престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа,

и ставот (3) на членот 6 според вкупниот број на вработени кај работодавачот - корисник на финансиска поддршка не смее да се намали заклучно со месец јули 2020 година за повеќе од:
- 15% кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка,
- 10% кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка и
- 5% кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка

значи дека дозволеното намалување кое е ограничено со членот 6 став (3) на Уредбата се однесува на наброените исклучоци од ставот (2) на членот 6 и дека за

целите на оваа Уредба работодавачот не смее да отпушта работници по ниту еден друг основ, односно секое намалување на број на работници по било кој друг основ освен по основите наброени во ставот 2 на членот 6 мора да биде надополнето со ново/и вработување/а за бројот на вработени да не падне под бројот на вработени од месец април 2020 година.

Процентуалните ограничувања од членот 6 став (3) се однесуват на исклучоците од ставот (2) на истиот член. Имено, ако работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел финансиска поддршка го намали бројот на вработени за повеќе од 5% заради исклучоците наведени во член 6 став (2) исто така ќе мора да го усогласи овој број (да вработи нови работници) до бројот на работници од месец април 2020 година намалени за 5% од овој број согласносо член 6 став (4)."

Со Уредбата не е уредена можност за одобрување на финансиска поддршка за работниците кои се одјавени во месец АПРИЛ 2020 година, односно за оние работници кои немаат активен работен статус во МПИН образецот на денот на неговото поднесување. Ова не се однесува на одјавените работници кои повторно се пријавени во месец АПРИЛ 2020 година, имајќи ги предвид и оние работници кои биле претходно одјавени и повторно пријавени во месец АПРИЛ 2020 година согласно со Уредбата на Законот за работните односи.

Со оглед дека критериумите за бројот на вработени за месец АПРИЛ 2020 година за кои работодавачот се квалификувал за субвенционирање на социјалните придонеси и за задржувањето на бројот на вработени за месеците мај, јуни и јули 2020 година во Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вондредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.92/20 и 116/20) е уредена на ист начин како во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.11/20 и 113/20), горните толкувања се однесуваат консеквентно и на примената на Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вондредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.92/2020 и 116/2020).

**Точка 33**

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиско работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за првиот квартал на 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 34**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје за период 1 октомври 2019 до 31 декември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акцискиот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 30.7.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 29.10.2018 година, како материјал за информирање (без заклучокот содржан во неа).

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 28.01.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 29.04.2019 година, како материјал за информирање (без заклучокот содржан во неа).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акцискиот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 28.10.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за количината, видот и правната следбеност на материјалот (песок и чакал) што се вади при чистење на речните корита и

канали на критичните места, за секоја активност и локација наведени во Акциониот план, како и список на работни часови и локации и на кои машини е потрошен дизелот по час/работа со краен рок за постапување до 29.07.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна сметка за 2019 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за личната карта за време на вонредна состојба, поради потребата Министерството за правда да достави мислење по истата.

**Точка 46**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговските друштва за време на вонредна состојба со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 47**

Владата условно ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба, со заклучок да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 48**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни

услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците, поради дополнителни усогласувања.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за измена и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, за наредната седница на Владата.

**Точка 51**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19, со заклучок: во точка 1 наместо зборовите „Програма Р1", да стојат зборовите „Програма П1".

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати од нафта (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите на градбата на Клиничка Болница Штип и утврдување состојба на постоење на виша сила „Force Majeure", ја усвои и го задолжи Министерството за здравство да го прифати барањето за постоење на виша сила - „Force Majeure" доставено од изведувачот на градежни работи на Клиничка Болница Штип, да продолжи понатаму да ја следи состојбата со градбата и соодветно да реагира на развојот и динамиката на истата.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, ја усвои и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за донесување одлука за продажба на движни ствари-три машини и недвижнини ствари (имот кој

припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ Куманово) а кои претставуваат нераздвојна или технички-технолошка целина, во сосопственост на државата и трети лица, за наредната седница на Владата.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на програмирањето на Инструментот за претпристапна помош ИПА III за периодот 2021-2027 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за економија да го финализираат формирањето на секторските работни групи за дигитално поврзување и енергетика, најдоцна до крајот на мај 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да назначи 3 (три) преставници во работната група за подготовка на секторскиот одговор за тематскиот приоритет за добрососедски односи и помирување, најдоцна до крајот на мај 2020 година.

3. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање да дадат навремен придонес кон подготовката на стратешкиот одговор, организацијата на состаноците на секторските работни групи, како и подготовката на Акциските фишеа за 2021 и 2022 и Акицската програма во рамките на ИПА III.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја информира Владата на Република Северна Македонија за текстот на стратешкиот одговор до крајот на јуни 2020 година.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја информира Владата на Република Северна Македонија за предложените проекти за финансирање во рамките на Акциските програми за 2021 и 2022 година до крајот на јули 2020 година.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за користење на Фондот за солидарност на Европската Унија за справување со финансиското влијание на Ковид-19 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика, Институтот за јавно здравје, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Царинската управа, Агенцијата за храна и ветеринарство и се укажува на Град Скопје да достават до Секретаријатот за европски прашања и до Министерството за финансии преглед на сите направени трошоци сметано од 10.3.2020 година и сите очекувани/планирани трошоци за периодот до 9.7.2020 година најдоцна до понеделник, 18 мај 2020 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да направи пресметка на вкупната јавна потрошувачка настаната како резултат на кризата од Ковид-19, најдоцна до 20 мај 2020 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да испрати допис со изразување на интерес за користење на Фондот за солидарност на Европската Унија и целосната апликација до надлежните служби во Европската комисија, до 2 јуни и 24 јуни 2020 година, соодветно доколку земјата се квалификува за користење на Фондот за солидарност на ЕУ.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапка за набавка на моторни возила и мебел за потребите на Командата на СЕЕБРИГ, ја усвои Информацијата и даде согласност за спроведување на постапка за набавка на моторни возила и мебел за потребите на Командата на СЕЕБРИГ.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапка за набавка на канцелариски мебел и опрема за потребите на пристапната точка со НАТО, ја усвои и даде согласност за спроведување на постапка за набавка на канцелариски мебел и опрема за потребите на пристапната точка со НАТО во зградата на Министерство за одбрана и Националниот воздухопловен оперативен центар.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|

**д-р Драги Рашковски** **Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска